# Р Е Ф Е Р А Т

за избор на наставник по предметот основи на економијата
на Економскиот факултет - Прилеп

Со одлука бр 02-1672/1 од 27.09.2006 година , Наставно научниот совет на Економскиот факултет Прилеп формира Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот основи на економијата во состав:

1. Академик Таки Фити, редовен професор на економскиот факултет-Скопје
2. Д-р Гордана Трајкоска, редовен професор на економскиот факултет- Прилеп
3. Д-р Славица Роческа , редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп.

Во својство на членови на оваа Комисија, а по разгледувањето на пристигнатите материјали по објавениот конкурс и врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Економскиот факултет - Прилеп и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни ,научни, наставни и соработнички звања до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп го доставуваме следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс од деканот на Економскиот факултет - Прилеп,во весникот " Утрински весник" од 31. 08. 2006 година за избор на наставник во предметот основи на економијата се пријавија двајца кандидати и тоа д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет-Прилеп и Весна Максимоска, дипломиран економист.

Врз основа на доставените прилози на пријавените кандидати, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Весна Максимоска, дипломиран економист, согласно Законот за високото образование, не ги исполнува условите за избор во наставно – научно звање.

Рецензентската комисија, врз основа на прилозите на кандидатот д-р Сашо Атанасоски за неговата биографија и наставно-образовна и научно-истражувачка работа, го констатира следново :

## 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Сашо Атанасоски е роден во Прилеп на 22.08.1960 год. каде што и ги завршува основното и средното образование. Во учебната 1979/80 год. се запишува, како редовен студент, на Факултетот за политички науки во Белград на насоката за меѓународни односи и на истиот дипломира во почетокот на 1984 год.

Во 1985 год. се вработува на Економскиот факултет во Прилеп, како помлад асистент по предметот општествено-економски и политички систем на СФРЈ.

По отслужувањето на воениот рок, со оглед на настанатите измени на наставниот план на Економскиот факултет во Прилеп конкурира и е избран за помлад асистент по предметот политичка економија. Веднаш потоа се запишува на постдипломски студии на Економскиот факултет во Прилеп на насоката за Деловно и развојно планирање во претпријатијата, при што на 24.06.1993 год. овој факултет успешно го одбранува магистерскиот труд од областа на политичката економија, под наслов: "Врамнотежувањето на процесите на општествената репродукција и макроекономското планирање", со што се стекнува со звањето магистер по економски науки. Во септември, истата годуна, е избран за асистент по предметот политичка економија на Економскиот факултет во Прилеп. Пријава за изработка на докторска дисертација од областите на политичката економија и меѓународните односи, на тема: "Воспоставувањето на новиот поредок на меѓународни односи и функционирањето на општествената репродукција", поднесува во почетокот на 1994 год., по што истата година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп донесол одлука со којашто му е дадена подобност за изработка на докторската дисертација на предложената тема. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 23.04.1997 год., по што на 03.06.1997 год., во ректоратот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, бил промовиран во доктор на економски науки, со што се здобил со VIII степен научно образование.

Во септември 1997 година Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп го избира за доцент по предметите политичка економија и меѓународни односи. Во февруари 2002 година е избран за вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп по предметите : основи на економијата и меѓународни односи. Во ноември 2005 година е избран за редовен професор по предметот вовед во економската глобализација на Економскиот факултет – Прилеп.

Покрај на Економскиот факултет – Прилеп, проф. д-р Сашо Атанасоски наставните дисциплини основи на економијата и меѓународни односи, во периодот од 2002 до 2005 година, ги предава и на Интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот "св. Климент Охридски "- Битола

Кандидатот С. Атанасоски, покрај во реализацијата на додипломските студии, активно и успешно е вклучен и во реализацијата на последипломските студии на Економскиот факултет – Прилеп како наставник на наставните дисциплини глобална политичка економија, меѓународни односи и менаџерска економија.

Покрај во наставно-образовната С. Атанасоски, активно е вклучен и во научноистражувачката работа. За тоа зборуваат досега објавените научни и стручни трудови од областите на политичката економија , меѓународните односи и глобалната економија, презентирани во разни публикации и преку

учеството на повеќе меѓународни научни симпозиуми, конференции и семинари.

Кандидатот досега имам објавено повеќе од 40 научни и стручни трудови меѓу кои и две книги, и тоа : "Политичка економија на светскиот поредок" во 2002 година и "Анатомија на светскиот поредок" ( во коавторство со проф. д-р Тодор Тодоров )во 2003 година. Во подготовка е и неговата трета книга, под наслов "Глобализација", во коавторство со проф. д-р Славица Роческа.

Исто така, кандидатот активно има учествувано во изработката и реализацијата на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти .

Почнувајќи од 01.10.1999 година, континуирано и со успех, С. Атанасоски ја извршува функцијата продекан за настава на Економскиот факултет-Прилеп. Како резултат на тоа, тој повторно е избран за продекан за настава за периодот 2006 – 2010 година.

Од ноември 2003 година тој е член на Одборот за акредитација на високото образование, како врвна институција во Република Македонија, задолжена за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование. Во март 2005 година повторно е избран за член на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија, со мандат во наредните четири години.

Од почетокот на 2005 година тој е член на Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола.

## 2. Наставно – образовна дејност

Наставно-образовната дејност на С. Атанасоски започнува во 1985 год. од кога што тој е вработен на Економскиот факултет - Прилеп. С. Атанасоски, прво како помлад асистент по предметите општествено-економски и политички систем на СФРЈ и политичка економија, а од 1993 до 1997 год. како асистент по предметот политичка економија на Економскиот факултет - Прилеп, крајно професионално и со голем успех, ги изведува вежбите, а по потреба и предавањата по овие наставно-научни дисциплини.

Од 1997 год., кога е избран, прво за доцент, а потоа и за вонреден професор по предметите политичка економија и меѓународни односи и за редовен професор по предметот вовед во економската глобализација, тој со голема одговорност и мошне успешно ја организира и изведува наставата и испитите по овие наставни дисциплини.За тоа зборува големата посетеност на студентите на неговите предавања и нивното задоволство од високата теоретската потскованост и сувереното владеење на материјата на С. Атанасоски како и од високиот степен на елоквентност и разбирливост со којашто истата ја презентира. Заради тоа и не изостануваат резултатите од неговата работа што се гледа, покрај другото, и од високата проодност и оценките на студентите на неговите предмети. Во таа смисла зборуваат и направените анкети за евалуација на наставниот кадар во коишто

резултатите на С. Атанасоски во наставно – образовната дејност од страна на студентите се вреднувани како мошне позитивни. Во овој контекст сакаме да го истакнеме и неговиот мошне коректен и колегијален однос како со студентите, така и со соработниците и професорите.

За досегашното успешно извршување на наставно образовната дејност на професорот С. Атанасоски големо значење има фактот што неговиот магистерски труд е од областа на политичката економија, а неговата докторска дисертација од областите на политичката економија и меѓународните односи. Во таа смисла, не помало значење имаат и неговите досега напишани и објавени трудови и книги. Имено, делови од неговите книги "Политичка економија на светскиот поредок" и "Анатомија на светскиот поредок" се користат како основна и поширока литература по повеќе наставни дисциплини на Економскиот факултет – Прилеп, и тоа: основи на економијата, вовед во економската глобализација, меѓународни односи, меѓународна економија и глобална политичка економија.

За успешното вршење на неговата наставно-образовна дејност од значење е и неговото активно учество во реализацијата на повеќе нацинални и меѓународни научноистражувачки проекти. Имено, сознанијата и искуствата, стекнати како резултат на тоа, значат можност за имплементирање на европските високообразовни стандарди во програмското конципирање и реализирање на наставните содржини како по поодделните наставни дисциплини и студиски програми, така и преку постепеното прилагодување на нашиот високообразовен систем со оној на земјите од Европската унија. Во оваа смисла, мошне значајно е учеството и придонесот на С. Атанасоски во работата на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија, чијшто член е од 2003 година и со мандат до 2009 година.

Почнувајќи од 01.10.1999 год., па сè до денес, С. Атанасоски ја извршува функцијата продекан за настава на Економскиот факултет-Прилеп. И во вршењето на оваа функција тој, според наше мислење, уште еднаш ја потврдува неговата креативност и коректност, но исто така ги покажува и неговите организаторски способности, што придонесува за иновирањето, подобрата организација и реализација на наставно образовниот процес на Економскиот факултет -Прилеп.

### 3. Научно – стручна дејност

### 3.1. Објавени научни и стручни трудови

С. Атанасоски досега има објавено повеќе од четириесет научни и стручни трудови, меѓу кои и две книги. Притоа, може да се забележи дека во периодот до 2001 година има објавено 25 научни и стручни трудови (Билтен број 234 на Универзитетот " Св. Климент Охридски- Битола).

Во последните пет години Атанасоски ги има објавено следниве научни и стручни трудови:

1. "The contemporary socio-economic changes and the role of the economic science".Scientific conference"The Economy at the begining of the millennium",Oradea-Romanija 2001
2. "Нова парадима менаџмента у условима глобализације",Међународна научна конференција "Globazation and transition processes", Ниш-СРЈ, окт.2001 год (во коавторство со проф. д-р. Марика Башеска-Ѓеорѓиевска)
3. "Стабилноста како услов за развојот на туризмот" Меѓународна конференција во Охрид на тема "Мултипликативните ефекти на развојот на туризмот", Охрид 21-24 ноември 2001 год. (во коавторство со проф. д-р. Марика Башеска -Ѓеорѓиевска)
4. "Економските ефекти од развојот на туризмот врз стопанството на Република Македонија", Меѓународна конференција во Охрид на тема"Мултипликативните ефекти на развојот на туризмот", Охрид - XI. 2001 год. (во коавторство со проф.др.Марика Башеска -Ѓеорѓиевска)
5. Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој, воведен труд на Меѓународен симпозиум "Регионалната соработка и економски развој", Економски факултет – Прилеп, 20 – 21 јуни 2003 год., (во коавторство со д-р Славица Роческа)
6. Научната и едукативна вредност и значењето на книгата "Макроекономија" од академик Таки Фити, Годишник на Економски факултет – Прилеп, 2003 год.
7. Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој, ( во коавторство со проф. д-р Славица Роческа, "Економија и бизнис", 2003. година
8. Политекономските аспекти на процесите на глобализација и регионализација, Економија и бизнис, 2003 год. во коавторство со проф. д-р Славица Роческа.
9. Предизвиците на новата економија, воведен труд на Меѓународната научна конфереција "Предизвиците на новата економија" во организација на Економски факултет – Прилеп, Охрид 14 – 16 октомври, 2005 година.
10. Глобализацијата и новата економија, труд на Меѓународната научна конфереција "Предизвиците на новата економија" во организација на Економски факултет – Прилеп, Охрид 14 – 16 октомври, 2005 година ( во коавторство со проф. д-р Славица Роческа).
11. Новиот регионализам, глобализацијата и економскиот развој (во коавторство со проф.д-р Славица Роческа),Ману- 2005 година
12. Предизвиците на новата економија, објавен во списанието Економија и бизнис, крајот на 2005 година.
13. Современи теоретски аспекти за економската улога на државата , Годишник на Економскиот факултет- Прилеп, 2005 год.
14. Меѓународните односи во почетокот на 21. век, Годишник на Економскиот факултет- Прилеп, 2005 год.

15. Makroeconomic planing in the modern market ecnomies, international conference on " enterprise in transition ", поднесен и прифатен труд ,Split, Croatia

### 3.2 Книги и учебници

1. "Политичка економија на светскиот поредок", Економски факултет - Прилеп, 2002 год.
2. "Анатомија на светскиот поредок", Економски факултет - Прилеп, 2003 год. (во коавторство со проф. д-р Тодор Тодоров).
3. "Глобализација" (во коавторство со проф. д-р Славица Роческа ), во подготовка .

### 3.3. Учество во научноистражувачки проекти и студиски престои во странство

Кандидатот С. Атанасоски има активно учествувано во изработката и реализацијата на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти од кои посебно би го истакнале неговото учество во реализацијата на повеќеTempus/Phare проекти, и тоа:

1. "Континуирано менаџерско образование",Compact tempus-SCE,1999год.
2. "Модернизацијата на јавната администрација и на јавната политика во Р.Македонија", заеднички европски проект, 2000-2002год.
3. "Администрирање и усовршување на универзитетите во Р.Македонија", заеднички европски проект, 2001-2003год.
4. Основање на институција и развој на курикулум за европски студии во Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, заеднички европски проект, 2001 – 2003 год. ЦД-ЈЕП 15001/200.
5. Continuing Edukation in Europion Affairs: Establishement of a " European integration training Center (EITC) . TEMPUS. JEP- 17013-2002
6. Management and business, edukation in computer science (MABECS). CD- JEP- 18046- 2003

С. Атанасоски, во рамките на реализацијата на овие и на други научни и образовни проекти, има остварено повеќе студиски престои во странство, и тоа во : Република Грција, Република Франција, Република Италија, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Србија, Република Словенија и др.

### 3.4. Анализа на научно - стручната дејност

Научната и стручната дејност на д-р С. Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, започнува со неговото вработување на

овој Факултет од кога што научноистражувачката работа за него станува трајна определба и професионална ориентација. Оттогаш, па сè до денес, тој на различни начини и форми на активности континуирано и со нагорен тренд, е ангажиран во научноистражувачката работа. Еден од тие начини се постдипломските студии и истражувачката работа поврзана со изработката на магистерскиот труд и докторската дисертација. Следниот начин е преку учеството на бројни симпозиуми, семинари и советувања од државен или меѓународен карактер. Исто така, С. Атанасоски активно учествува во реализацијата на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти во рамките на коишто истражува и изработува определени сегменти од овие проекти, а презентира и свои трудови. Сите свои согледувања и резултати од научноистражувачката работа С. Атанасоски ги објавува во повеќе научни публикации. За одбележување е и неговото учество во работата на Економскиот совет на Владата на Република Македонија, на тема"Макроекономската политика во 1999. и 2000. година и развојот на Република Македонија". Досега има напишано и објавено **повеќе од 40 научни и стручни трудови,** меѓу кои и **две книги**, и тоа книгата "**Политичка економија на светскиот поредок**" што е објавена во 2002 година и книгата "**Анатомија на светскиот поредок**" објавена во 2003 година. Исто така, во подготовка е неговата трета книга, под наслов "Глобализација".

Она што може да се извлече како општа констатација за неговите трудови е тоа што тие се од областа на политичката економија и меѓународните односи и се одликуваат со високиот квалитет, оригинални ставови, аргументирани анализи и критички забелешки, јасен и препознатлив стил на пишување, ослободен од претераната фактографија, статистика, цитати и фусноти и со изразена смисла за научна елаборација на поставените хипотези и експликации. Неговиот пристап во истражувањето на општествено - економските појави и процеси е интредисциплинарен, пред сè, политекономски и критички, а не само позитивистички. Ваквите карактеристики на неговиот пристап имаат сè поголемо значење во науката, заради тоа што интердисциплинарноста сè повеќе станува една од основните карактеристики во развојот на општествените науки, а критичкиот пристап е начин да се согледа можноста од промени во капиталистичкиот општествено-економскиот систем, во насока на негова поголема ефикасност, праведност и демократија. Секако, тоа се случува не само во рамките на една држава, туку и во светскиот систем, воопшто. Овој свој критички пристап Атанасоски посебно го елаборира и во рамките на некои од неговите трудови а пред се во **трудовите : "Современите општествено - економски промени и улогата на економската наука"** и **"Предизвиците на новата економија"** каде што научно ја аргументира потребата од сознаен пробив на економската и општествените науки воопшто.

Најзначајниот предмет на научноистражувачката преокупација и интерес на С. Атанасоски е истражувањето и анализата на општествената репродукција, како индувидуален, национален и светски процес на репродукција. Но, тој ги гледа и анализира не одвоено, туку во нивната сплотеност и меѓузависност, онака како што впрочем функционира

репродукцијата во услови на воспоставената густа мрежа на глобални и регионални односи на меѓузависност, преку бројните и разновидни реродукциски синџири. Да се истражува општествената репродукција значи да се истражува самата срцевина на политичката економија како кралица на економската наука. С. Атанасоски го прави токму тоа, и со голем успех. Имено, во неговите трудови тој прави мошне успешен и научно издржан чекор на проверка на повеќе постулати од теоријата на општествената репродукција во практиката. Во таа смисла, се издвојуваат три битни карактеристики што ја чинат и истакнуваат, не само вредноста, туку и оригиналноста на неговите теоретски експликации. Прво, од политекономски аспект, С. Атанасоски креира една специфична теорија на репродукцијата на општествениот капитал. Неговиот пристап кон функционирањето на општествената репродукција носи белези на старото и новото време, при што тој ги согледува и анализира условите за несметано функционирање на репродукцијата, односно опасностите од можните нарушувања на нејзините текови. Второ, од развоен аспект, во анализата на регулирањето на процесите на општествената репродукција, С. Атанасоски постулатите на извршувањето на репродукцијата ги преточува во постулати на развојот. Законитостите на односите на врамнотежување на сегментите од репроцелините ги открива и опишува како законитости на скоковит, но и врамнотежен развој. Тоа што во теоретските содржини на општествената репродукција внесува и развојни наравоученија ја проширува политекономската парадигма за репродукцијата во парадигма за општествено-материјалниот развој и опстанок на општеството. Трето, неговите теоретски диспозиции не само што ги надополнува, туку и ги конфронтира со апликативните методи и средства од арсеналот на применетата економија, во секторот на макроекономското планирање, како и тековната макроекономска политика.

Уште повеќе, С. Атанасоски успешно ја елаборира концепцијата на функционирањето на моделот на проширена репродукција во светски размери. Во оваа концепција тој ги презентира идеите и ставовите за органската поврзаност на општествената репродукција на капиталот, како системски модел, со општествената репродукција на поширокиот општествен организам, како формација со економска структура и со надграба, и тоа со облици на свест. Затоа, кај Атанасоски, репродукцијата на капиталот "вирее" од репродукцијата на целокупните односи на луѓето со луѓето, не само во врска со производството, туку и со политиката, културата, религијата, науката, образованието. И, не само во рамките на една национална економија, туку во рамките на репродукцијата во глобалните економски и вкупни општествени односи.

Во овој контекст мошне значајни се научните истражувања и ставови на С. Атанасоски изнесени во **книгата " Политичка економија на светскиот поредок"**.Во овој труд опстојува сеприсутната политекономска физиономија на научната апаратура со која што тој се служи во своите анализи , во презентацијата на податоците, во синтетизирањето на резултатите од истражувањето и, конечно, во презентирањето на сопствените сознанија ,

формулирањето на основните заклучоци и зацртувањето на правците на пулсирачките импулси на движење и развој на светскиот поредок во иднина. Ваквиот тип на политекономски студии, каков што е овој на проф. С. Атанасоски значаен и вонредно корисен. Имено, економијата би ја изгубила својата научна заснованост и виталност, доколку отсуствуваат конфронтации во однос на значајните прашања меѓу различните економски школи. Во таа смисла, во оваа книга, С. Атанасоски доаѓа до мошне релевантни и реални заклучоци за преобразбите и крупните трансформации на капитализмот како систем, при што покажува извонредна елоквентност во одбраната на неговите тези: капитализмот во суштина и натаму останува капитализам, нема научни аргументи да се говори за нов светски поредок, глобализацијата како феномен носи бројни предности и негативности, а партиципирањето на сите земји во овие процеси е императивно, светскиот економски и политички амбиент и натаму примарно ќе биде дизајниран од односот на силите, при што речиси сосема извесна е тенденцијата за формирање три оски на економската и технолошката моќ итн. итн.

Овие свои ставови С. Атанасоски ги проширува и развива во неговата **книга " Анатомија на светскиот поредок"**. Во оваа книга е инкорпорирана една исклучително опсежна, сеопфатна, продлабочена и теоретски издржана анализа на современите глобални, економски, финансиски и политички состојби и процеси, т.е. позиционирањето на државите во глобалниот простор.

Содржината на овие две книги на С. Атанасоски е повеќекратно корисна: за студентите кои ја изучуваат економијата, бидејќи им го открива политекономскиот феномен на светскиот поредок, за економистите кои работат на глобалните развојни проблеми, бидејќи им го открива мозаикот на испреплетеност во развојот, и за креаторите на економската политика, бидејќи им помага да ги откријат предрасудите и заблудите што ги имаат за физиономијата и функционирањето на меѓународната заедница.

Општествената репродукција е тема на научниот интерес на С. Атанасоски и во други негови трудови. Во овие трудови тој истражува различни аспекти и проблеми во функционирањето на општествената репродукција во Р.Македонија и во земјите од Југоисточна Европа. Кога станува збор за Р.Македонија, С. Атанасоски, посебно и со успех, го анализира процесот на транзиција во нашата земја, а во тој контекст особено влијанието на економските и неекономските фактори врз нејзината стабилност и развој, како и определените аспекти на нејзиного поефикасно вклучување во светскиот пазар, со цел конципирање и имплементирање на соодветна стратегија за постигнување на оваа цел. Исто така, тој со успех го анализира и влијанието на стабилноста врз развојот на туризмот и ефектите од таквиот развој врз стопанството на Р.Македонија. Кога, пак, станува збор за земјите од Југоисточна Европа тој со успех го анализира процесот на нивната транзиција кон општества со развиена пазарна економија и парламентарна демократија и влијанието на меѓународното окружување врз стабилноста и развојот на овие земји, како и тековите на нивното вклучување во процесите на глобализација и регионализација на светското стопанство.

Во последните неколку години најголемо внимание С. Атанасоски посветува на истражувањето на процесите на глобализација. Станува збор за една крајно комплексна , сложена и мошне значајна проблематика, којашто се повеќе ја преокупира светската научна и поширока јавност. Предизвиците на глобализацијата, впрочем, реално се многу големи. Своите стојалишта, со нему својствениот провокативен и критички но аргументиран пристап, С. Атанасоски ги презентира во повеќе негови трудови меѓу кои би ги издвоиле **поновите на оваа тема: "Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој", "Политекономските аспекти на процесите на глобализација и регионализација", "Глобализацијата и новата економија" и "Новиот регионализам, глобализацијата и економскиот развој"**. Темата глобализација е предмет на истражување и во книгата "Глобализација" којашто е во подготовка и во којашто се проучуваат и анализираат политекономските аспекти на глобалните процеси.

Во своите трудови С. Атанасоски ги проучува и анализира и макроекономските теории и економските политики, при што дава осврт на придонесот на поодделните макроекономски концепции за решавањето на отворените прашања и домени на теоретски конфронтации во современата економска наука. Во овој контекст, за одбележување е неговиот **понов труд "Современите теоретски аспекти за економската улога на државата "**. Во овој труд тој ги елаборира теретските стојалишта на макроекономските концепции од кејнзијанска и класична провиниенција за економската улога на државата во современите пазарни економији. Притоа, тој го презентира и аргументира неговото стојалиште за тоа дека во современите пазарни економији е неопходно едновремено и комбинирано дејство на пазарниот и државниот механизам на регулација. Според С. Атанасоски, неопходно е да се изнајде оптимална синтеза на овие две неминовности на современите пазарни економии, при што пазарниот механизам на регулација на економските процеси треба да има доминантно место и улога.

**4. Заклучок и предлог**

Врз основа на претходно изнесените констатации за наставно-образовната и научно-стручната дејност на д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет – Прилеп, Рецензентската комисија едногласно го заклучи следново:

1. почнувајќи од 1985. година, од кога што тој е вработен во Економскиот факултет - Прилеп, најнапред како помлад асистент и асистент, а потоа и како доцент и вонреден професор, крајно професионално и со успех ги извршува неговите обврски во наставно - образовниот процес по предметот политичка економија, т.е основи на економијата (по неговата деноминација). Затоа, за посебно одбележување е фактот што токму професорот Сашо Атанасоски беше главен иницијатор за промена на наставните содржини од предметот политичка економија на Економскиот факултет – Прилеп и нејзино трансформирање во економија (economics), со што Факултетот дефинитивно премина кон изучување на оваа дисциплина според вообичаените стандарди, иманентни за современите западни универзитети. Благодарение на фактот што колегата, проф. д-р Сашо Атанасоски, е одличен познавач на политичката економија, тој без никакви проблеми и со особен успех денес го предава предметот економија, како фундаментална економска дисциплина.

Неговите предавања се со висок квалитет и разбирливи за студентите, што е резултат на високата професионална теоретска поткованост на С. Атанасоски од областа на економијата, стекнатото повеќегодишно искуство како соработник и наставник на оваа наставна дисциплина и како поседувач на извонредно високиот степен на елоквенција.Во оваа смисла е значајно што тој магистрирал и докторирал од областа на политичката економија и што неговите две објавени книги, како и најголемиот дел од неговите трудови, исто така, се од оваа област. Тоа нему му дава висок фундаментален професионален кредибилитет за вршење на наставно-образовната дејност по оваа наставна дисциплина. За истакнување е и мошне коректниот однос на С. Атанасоски, како кон студентите, така и кон неговите колеги, соработници и професори. Исто така, како продекан за настава, со неговата изразито нагласена способност за организација, систематичност и одговорност, тој дава значаен придонес во целокупната работа и развој на факултетот;

2. С. Атанасоски постигнува забележителни резултати и на планот на научноистражувачката дејност. Во таа смисла, истражувачката работа всушност, го отсликува неговиот интелектуален код, препознатлив спрема стремежот за комплексно и темелно третирање на проблемите што се предмет на анализа, настојувајќи при нивното проучување секогаш да пристапува со интелектуална провокативност и критички дух. Неговата нагласена творечка енергија и истражувачки немир се преточени во повеќе од четириесет објавени научни и стручни трудови, презентирани на повеќе

научни собири од национален и меѓународен карактер и објавени во различни научни и стручни списанија. Во овој контекст би ги издвоиле неговите две досега објавени книги, како и тоа дека два од неговите трудови биле воведни реферати на меѓународни научни конференции. Исто така, треба да се истакне дека трудовите на С. Атанасоски со својот пристап и содржина, се одликуваат со висок квалитет и со автентичен белег, како и јасен и препознатлив стил на пишување, при што прашањата од политичката економија и економската глобализација заземаат централно место;

3. имајќи ги предвид претходно изнесените костатации и оценки, Рецензентската комисија , едногласно и со особена чест и задоволство, му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп д-р Сашо Атанасоски да го избере за наставник во предметот основи на економијата, во звањето **редовен професор**.

Членови на Рецензентска комисија

1. Академик Таки Фити, редовен професор, на Економски факултет – Скопје
2. д-р Гордана Трајкоска, редовен професор, на Економски факултет – Прилеп
3. д-р Славица Роческа, редовен професор, на Економски факултет – Прилеп

Лектура
Анкица Стојаноска

# Р Е Ф Е Р А Т

за избор на наставник во предметот меѓународни односи
на Економскиот факултет - Прилеп

Со одлука бр : 02-1671/ 2006 од 27. 09. 2006 година . Наставно научниот совет на Економскиот факултет - Прилеп формира Рецензентска комисија за избор на наставник по предметот меѓународни односи во состав:

1. д-р Панде Лазаревски, редовен професор на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања- Скопје.
2. д-р Славица Роческа , редовен професор на Економскиот факултет - Прилеп.
3. д-р Десанка Василева, редовен професор во пензија.

Во својство на членови на оваа Комисија, а по разгледувањето на пристигнатите материјали по објавениот конкурс, и врз основа на Законот за високото образование, Статутот на Економскиот факултет - Прилеп и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни ,научни, наставни и соработнички звања до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп го доставуваме следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс од деканот на Економскиот факултет - Прилеп,во весникот " Утрински весник" од 31. 08. 2006 година за избор на наставник по предметот меѓународни односи се пријавија двајца кандидати, и тоа д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет-Прилеп и Весна Максимоска, дипломиран економист.

Врз основа на доставените прилози на пријавените кандидати, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатот Весна Максимоска, дипломиран економист согласно Законот за високото образование, не ги исполнува условите за избор во наставно – научно звање.

Рецензентската комисија врз основа на прилозите на кандидатот д-р Сашо Атанасоски за неговата биографија и наставно-образовна и научно-истражувачка работа го констатира следново :

## 1. Биографски податоци

Кандидатот д-р Сашо Атанасоски роден е во Прилеп на 22.08.1960 год. каде што и ги завршува основното и средното образование. Во учебната 1979/80 год. се запишува, како редовен студент, на Факултетот за политички науки во Белград на насоката за меѓународни односи и, на истиот, дипломира во почетокот на 1984 год.

Во 1985 год. се вработува на Економскиот факултет во Прилеп, како помлад асистент по предметот општествено-економски и политички систем на СФРЈ.

По отслужувањето на воениот рок, со оглед на настанатите измени на наставниот план на Економскиот факултет во Прилеп конкурира и е избран за помлад асистент по предметот политичка економија. Веднаш потоа се запишува на постдипломски студии на Економскиот факултет во Прилеп на насоката за Деловно и развојно планирање во претпријатијата, при што на 24.06.1993 год. на Економскиот факултет во Прилеп успешно го одбранува магистерскиот труд од областа на политичката економија, под наслов: "Врамнотежувањето на процесите на општествената репродукција и макроекономското планирање" со што се стекнува со звањето магистер по економски науки. Во септември, истата година, е избран за асистент по предметот политичка економија на Економскиот факултет во Прилеп. Пријава за изработка на докторска дисертација од областите на политичката економија и на меѓународните односи, на тема: "Воспоставувањето на новиот поредок на меѓународни односи и функционирањето на општествената репродукција", поднесува во почетокот на 1994 год. по што, истата година, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Прилеп донесол одлука со којашто му е дадена подобност за изработка на докторската дисертација на предложената тема. Докторската дисертација успешно ја одбранил на 23.04.1997 год., а потоа на 03.06.1997 год. во ректоратот на Универзитетот "Св. Климент Охридски"-Битола, бил промовиран во доктор на економски науки, со што се здобил со VIII степен научно образование.

Во септември 1997 година Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп го избира за доцент по предметите политичка економија и меѓународни односи. Во февруари 2002 година е избран за вонреден професор на Економскиот факултет – Прилеп по предметите : основи на економијата и меѓународни односи. Во ноември 2005 година е избран за редовен професор по предметот вовед во економската глобализација на Економскиот факултет – Прилеп.

Покрај на Економскиот факултет – Прилеп, проф. д-р Сашо Атанасоски наставните дисциплини основи на економијата и меѓународни односи, во периодот од 2002 до 2005 година, ги предава и на Интердисциплинарните студии по јавна администрација на Универзитетот "Св. Климент Охридски "- Битола

Кандидатот С. Атанасоски, покрај во реализацијата на додипломските студии, активно и успешно е вклучен и во реализацијата на последипломските студии на Економскиот факултет – Прилеп, како наставник на наставните дисциплини глобална политичка економија, меѓународни односи и менаџерска економија.

Покрај во наставно-образовната, С. Атанасоски активно е вклучен и во научноистражувачката работа.За тоа зборуваат досега објавените научни и стручни трудови од областите на политичката економија , меѓународните односи и глобалната економија, презентирани во разни публикации и преку

учеството на повеќе меѓународни научни симпозиуми, конференции и семинари.

Кандидатот досега имам објавено повеќе од 40 научни и стручни трудови, меѓу кои и две книги, и тоа : "Политичка економија на светскиот поредок" во 2002 година и "Анатомија на светскиот поредок" ( во коавторство со проф. д-р Тодор Тодоров )во 2003 година. Во подготовка е и неговата трета книга, под наслов : "Глобализација", во коавторство со проф. д-р Славица Роческа.

Исто така, кандидатот активно има учествувано во изработката и реализацијата на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти .

Почнувајќи од 01.10.1999 година, континуирано и со успех, С. Атанасоски ја извршува функцијата продекан за настава на Економскиот факултет-Прилеп. Како резултат на тоа тој повторно е избран за продекан за настава за периодот 2006 – 2010 година.

Од ноември 2003 година тој е член на Одборот за акредитација на високото образование како врвна институција во Република Македонија, задолжена за обезбедување и оценување на квалитетот на високото образование. Во март 2005 година повторно е избран за член на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија, со мандат во наредните четири години.

Од почетокот на 2005 година тој е член на Сенатот на Универзитетот "Св. Климент Охридски" – Битола.

## 2. Наставно – образовна дејност

Наставно-образовната дејност на Атанасоски започнува во 1985 год. од кога што тој е вработен во Економскиот факултет - Прилеп. С. Атанасоски, прво како помлад асистент по предметите општествено-економски и политички систем на СФРЈ и политичка економија, а од 1993 до 1997 год., како асистент по предметот политичка економија на Економскиот факултет - Прилеп, крајно професионално и со голем успех ги изведува вежбите а по потреба и предавањата на овие наставно-научни дисциплини.

Од 1997 год., кога што тој е избран прво за доцент, а потоа и за вонреден професор по предметите политичка економија и меѓународни односи и за редовен професор по предметот вовед во економската глобализација, со голема одговорност и мошне успешно ја организира и и изведува наставата и испитите на овие наставни дисциплини. За тоа зборува големата посетеност на студентите на неговите предавања и нивното задоволство од високата теретската поткованост и сувереното владеење на материјата на С. Атанасоски, како и од високиот степен на елоквентност и разбирливост со којашто тој истата ја презентира. Заради тоа и не изостануваат резултатите од неговата работа, што се гледа, покрај другото, и од високата проодност и оценките на студентите на неговите предмети. Во таа смисла зборуваат и направените анкети за евалуација на наставниот

кадар во коишто резултатите на С. Атанасоски во наставно – образовната дејност од страна на студентите се вреднувани како мошне позитивни. Во овој контекст сакаме да го истакнеме и неговиот мошне коректен и колегијален однос како со студентите, така и со соработниците и професорите.

За досегашното успешно извршување на наставно образовната дејност на професорот Атанасоски големо значење има фактот што неговиот магистерски труд е од областа на политичката економија а неговата докторска дисертација од областите на политичката економија и меѓународните односи. Во таа смисла не помало значење имаат и неговите досега напишани и објавени трудови и книги. Имено делови од неговите книги " Политичка економија на светскиот поредок " и "Анатомија на светскиот поредок " се користат како основна и поширока литература по повеќе наставни дисциплини на Економскиот факултет – Прилеп и тоа: основи на економијата, вовед во економската глобализација, меѓународни односи, меѓународна економија и глобална политичка економија.

За успешното вршење на неговата наставно-образовна дејност од значење е и неговото активно учество во реализацијата на повеќе нациналии и меѓународни научноистражувачки проекти. Имено, сознанијата и искуствата стекнати, како резултат на тоа значат можност за имплементирање на европските високообразовни стандарди во програмското концепирање и реализирање на наставните содржини како по пооделните наставни дисциплини и студиски програми така и преку постепеното прилагодување на нашиот високообразовен систем со оној на земјите од Европската унија. Во оваа смисла, мошне значајно е и учеството и придонесот на С. Атанасоски во работата на Одборот за акредитација на високото образование на Република Македонија, чијшто член е од 2003 година и со мандат до 2009 година.

Почнувајќи од 01.10.1999 год., па сѐ до денес С. Атанасоски ја извршува функцијата продекан за настава на Економскиот факултет-Прилеп. И во вршењето на оваа функција тој, според наше мислење, уште еднаш ја потврдува неговата креативност и коректност,но исто така ги покажува и неговите организаторски способности, што заедно придонесува за иновирањето и подобрата организација, односно реализација на наставно-образовниот процес на Економскиот факултет -Прилеп.

### 3. Научно – стручна дејност

### 3.1. Објавени научни и стручни трудови

Атанасоски досега има објавено повеќе од четириесет научни и стручни трудови меѓу кои и две книги. Притоа, може да се нагласи дека во периодот до 2001 година има објавено 25 научни и стручни трудови (Билтен број 234 на Универзитетот " Св. Климент Охридски- Битола). Во последните

пет години С. Атанасоски ги има објавено следниве научни и стручни трудови:

1. "The contemporary socio-economic changes and the role of the economic science",Scientific conference"The Economy at the begining of the millennium",Oradea-Romanija 2001
2. "Нова парадима менаџмента у условима глобализације",Меѓународна научна конференција "Globazation and transition processes", Ниш-СРЈ, октомври 2001 год (вокоавторство со проф. д-р. Марика Башеска - Ѓеорѓиевска)
3. "Стабилноста како услов за развојот на туризмот"Меѓународна конференција во Охрид на тема"Мултипликативните ефекти на развојот на туризмот". Охрид 21-24 ноември 2001 год. (во коавторство со проф. д-р. Марика Башеска -Ѓеорѓиевска)
4. "Економските ефекти од развојот на туризмот врз стопанството на Република Македонија", Меѓународна конференција во Охрид на тема "Мултипликативните ефекти на развојот на туризмот", Охрид 21-24 ноември 2001 год. (во коавторство со проф. д-р. Марика Башеска - Ѓеорѓиевска)
5. Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој, воведен труд на Меѓународен симпозиум "Регионалната соработка и економскиот развој", Економски факултет – Прилеп, 20 – 21 јуни 2003 год., (во коавторство со д-р Славица Роческа)
6. Научната и едукативна вредност и значењето на книгата "Макроекономија" од академик Таки Фити, Годишник на Економски факултет – Прилеп, 2003 год.
7. Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој, ( во коавторство со проф. д-р Славица Роческа " Економија и бизнис ", 2003. година
8. Полигекономските аспекти на процесите на глобализација и регионализација, Економија и бизнис, 2003 год. (во коавторство со проф. д-р Славица Роческа).
9. Предизвиците на новата економија, воведен труд на Меѓународната научна конференција "Предизвиците на новата економија" во организација на Економски факултет – Прилеп, Охрид 14 – 16 октомври, 2005 година,
10. Глобализацијата и новата економија, труд на Меѓународната научна конференција "Предизвиците на новата економија" во организација на Економски факултет – Прилеп, Охрид 14 – 16 октомври, 2005 година ( во коавторство со проф. д-р Славица Роческа).
11. Новиот регионализам, глобализацијата и економскиот развој, ( во коавторство со проф.д-р Славица Роческа ), Мању- 2005 година
12. Предизвиците на новата економија, објавен во списанието Економија и бизнис, крајот на 2005 година.
13. Современи теоретски аспекти за економската улога на државата, Годишник на Економскиот факултет- Прилеп, 2005 год.

14. Меѓународните односи на почетокот на 21 век, Годишник на Економскиот факултет- Прилеп, 2005 год.
15. Makroeconomic planing in the modern market ecnomies, international conference on " enterprise in transition ", поднесен и прифатен труд Split, Croatia.

### 3.2 Книги и учебници

1. "Политичка економија на светскиот поредок", Економски факултет - Прилеп, 2002 год.
2. "Анатомија на светскиот поредок", Економски факултет - Прилеп, 2003 год. (во коавторство со проф. д-р Тодор Тодоров).
3. "Глобализација" (во коавторство со проф. д-р Славица Роческа ), во подготовка .

### 3.3. Учество во научно истражувачки проекти и студиски престои во странство

Кандидатот С. Атанасоски има активно учествувано во изработката и реализацијата на повеќе национални и меѓународни научноистражувачки проекти од кои посебно би го истакнале неговото учество во реализацијата на повеќеTempus/Phare проекти, и тоа:

1. "Континуирано менаџерско образование",Compact tempus-SCE,1999год.
2. "Модернизацијата на јавната администрација и на јавната политика во Р.Македонија", заеднички европски проект,2000-2002год.
3. "Администрирање и усовршување на универзитетите во Р.Македонија", заеднички европски проект,2001-2003год.
4. Основање на институција и развој на курикулум за европски студии во Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" – Скопје, заеднички европски проект, 2001 – 2003 год. ЦД-ЈЕП 15001/200.
5. Continuing Edukation in Europion Affairs: Establishement of a " European integration training Center( EITC) , TEMPUS, JEP- 17013-2002
6. Management and business, edukation in computer science( MABECS ), CD- JEP- 18046- 2003

С. Атанасоски во рамките на реализацијата на овие и на други научни и образовни проекти има остварено повеќе студиски претстои во странство, и тоа во : Република Грција, Република Франција, Република Италија, Република Бугарија, Република Хрватска, Република Србија, Република Словенија и др.

### 3.4 Анализа на научната и стручната дејност

Она што може да се извлече како општа констатација за неговите трудови е дека тие се од областа на политичката економија и меѓународните односи и се одликуваат со нивниот квалитет, оригинални ставови, аргументирани анализи и критички забелешки, јасен и препознатлив стил на пишување, ослободен од претераната фактографија, статистика, цитати и фусноти и со изразена смисла за научна елаборација на неговите хипотези и експликации. Неговиот пристап во истражувањето на општествено-економските појави и процеси е интердисциплинарен, пред сè, политекономски и критички, а не само позитивистички. Ваквите карактеристики на неговиот пристап имаат сè поголемо значење во науката, заради тоа што интердисциплинарноста сè, повеќе станува една од основните карактеристики во развојот на општествените науки, а критичкиот пристап начин да се промени општествено-економскиот систем во насока на негова поголема ефикасност, праведност и демократија. Секако, притоа не се мисли само во рамките на една држава, туку и на светскиот систем воопшто.

Како што и претходно беше изнесено, политичката економија и меѓународните односи се централните области на неговата научна преокупација,што произлегува од неговиот политекономски образовен бекграунд. Оттука и голем дел од неговите научни и стручни трудови се посветени на истражувањето и анализата на појавите,процесите и состојбите во современите меѓународни односи. Всушност, во неговите трудови од оваа област, тој ја истражува политичката економија на меѓународните односи што, во голема мера, кореспондира со содржината на наставната програма по предметот меѓународни односи на Економскиот факултет-Прилеп.

Имено, централниот проблем во истражувањата на С. Атанасоски, во оваа област, е проблемот на воспоставувањето нов меѓународен поредок и бројните дилеми и отворени прашања и проблеми поврзани со можностите и перспективите за воспоставување еден таков поредок.

Притоа, тој своето истражување го насочува кон, според него, најзначајните економски и политички аспекти на воспоставувањето на новиот меѓународен поредок, но не одвоено и посебно, туку во нивната сплотеност и синтеза, онакви какви што, всушнот, тие и се јавуваат во реалните процеси во меѓународните односи. Тоа значи дека предмет на истражувањето во неговите трудови од оваа интердисциплинарна област се политекономските аспекти и карактеристики на современите појави, процеси и состојби во меѓународните односи. Генералната хипотеза од којашто тргнува С. Атанасоски во своето истражување на овие појави процеси е тоа дека до воспоставување поправеден и похуман меѓународен поредок не може да дојде како резултат на моралните императиви за човековата правда и хуманост, туку пред сè и над сè како резултат на објективната нужност, што единствено може да биде наметната од законитостите во функционирањето на општествената репродукција коишто, пак, се определени од законитостите

на развојот. Неговото појдовно стојалиште, во врска со претходното, е дека на овој степен на материјален и вкупен општествен развој капиталистичкиот општествено - економски систем претставува најдобар можен начин за организација на економскиот и политичкиот живот на современото општество. Тоа значи дека, според С. Атанасоски, капиталот се уште ја нема завршено неговата историска мисија, па оттука и во современиот период од развојот на општеството функционирањето на општествената репродукција ќе се одвива врз основа на законитостите на репродукцијата на капиталот, како општествен однос и како вредност што се оплодува. Оттаму произлегува и неговата теза дека и новиот меѓународен поредок ќе биде поредок што ќе се гради врз логиката и природата на капиталот којашто произлегува од фактот дека профитот е основен мотив и движечка сила на капиталистичкиот начин на производство, како и тоа дека од степенот на неговото остварување зависи и можноста за натамошна репродукција на капиталот.

Претходно изнесената генерална хипотеза на С. Атанасоски зборува за тоа дека тој, во своите истражувања и проучувања, тргнува од доминантното и детерминирачко значење на општествено - економската структура за вкупните општествени односи, а во тој контекст и за меѓународните односи, како нивен составен дел. Во своите трудови тој, исто така, ги елаборира сопствените теоретски стојалишта за контраверзите на меѓународниот поредок што се поврзани со определувањето на степенот и значењето на настанатите промени во современите меѓународни односи. Во таа смисла, тој ги проучува и анализира дијаметрално спротивставените теоретски стојалишта за постоењето и непостоењето на новиот меѓународен поредок. Анализирајќи ги, коментирајќи ги и критикувајќи ги овие теоретски стојалишта, тој аргументирано ја истакнува неговата теза за непостоењето на нов меѓународен поредок, и тоа низ научната призма на институционалистичкиот, реалистичкиот и неомарксистичкиот приод. Во таа смисла, Атанасоски нуди сервира една нова доктрина за функционирањето на механизмот на настанувањето на новиот поредок од - почетокот на новиот светски мир по завршувањето на Втората светска војна. Тој е застапник на сфаќањето дека светот не е исправен пред еден нов општествен поредок, туку дека општествениот поредок на светот, од времето на раните повоени години, е исправен пред неговото дефинитивно - обликување: новиот повоен поредок, најпосле добива шанси да профункционира!

С. Атанасоски, во своите трудови, врши научна анализа на теоретските стојалишта на Френсис Фукујама, Семјуел Хантингтон, Тодор Тодоров, Пол Кенеди, Алвин Тофлер,Збигњев Бжежински, Дејвид Хелд, Роберт Гилпин и други современи теоретичари на меѓународните односи. Тој отвора и води теоретска расправа со овие стојалишта и, врз основа на степенот на научната втемеленост на нивните теоретски концепти, го оценува нивниот индивидуален придонес за натамошниот развој на современата наука за меѓународните односи. Притоа, тој ги презентира и научно елаборира сопствените теоретски стојалишта за процесите, состојбите, проблемите и противречностите во современите меѓународни односи и изградува и развива

сопствен теоретски концепт за воспоставувањето на новиот меѓународен поредок. Истражувајќи ја транзицијата на меѓународните односи по завршувањето на Втората светска војна, тој научно ја елаборира и аргументира неговата теза за тоа дека натамошната еволуција на меѓународните односи треба да се одвива во насока на натамошна перманентна демократизација на меѓународните односи. Во смисла на тоа, покрај другото, тој потенцира дека Повелбата на ООН и системот на ООН, заради нивната универзална, демократска и хуманистичка содржина, претставуваат добра основа врз којашто може и треба во иднина да се изградува и развива системот на меѓународни односи, но исто така и тоа дека е неопходно дополнување и допрецизирање на одредбите на Повелбата на ООН и институционална реформа на ООН за нивно сообразување со новите меѓународни и вкупни општествени услови.

Во контекст на истражувањето на меѓународните политички односи по студената војна, Атанасоски го разработува и прашањето за безбедноста на светот. Истражувајќи ја комплексноста на стабилноста и безбедноста на современиот свет и факторите на нивното загрозување, тој особено внимание посветува на истражувањето на релацијата и меѓузависноста на глобалната безбедност и глобалниот економски развој.

Во рамките на истражувањето на вкупните меѓународни односи кандидатот ги истражува и меѓународните економски односи,односно процесот на нивната трансформација. Во тој контекст, тој ги елаборира своите теоретски стојалишта за трансформацијата на моќта во современиот свет и репродукцијата на светската немоќ, трансформацијата на светската трговија и за регионализацијата версус глобализацијата на светското стопанство. Притоа, тој особено внимание посветува на истражувањето на трансформацијата на светската моќ, односно репродукцијата на светската немоќ, што е и сосема разбирливо со оглед на неговото стојалиште за тоа дека и во иднина меѓународниот поредок ќе биде поредок на капиталот.

Имено, капиталот, според него, останува основен и најважен извор на вкупната моќ на една држава во меѓународните односи. Колку е поголем капиталот што го поседува и со којшто располага една држава, толку ќе биде поголемо и нејзиното влијание врз креирањето и спроведувањето на светската политика.Во контекст на истражувањата на меѓународните економски односи С. Атанасоски, во неговите понови трудови, го истражува и процесот на вклучување на земјите во транзиција, и, поконкретно, на земјите од Југоисточна Европа и на Република Македонија, посебно, во процесите на глобализација и регионализација на светското стопанство. Притоа, резултатите од овие негови истражувања укажуваат на нужноста од вклучувањето на овие земји во овие процеси и на основните претпоставки коишто треба овие земји да ги остварат за нивното вклучување да биде поефикасно. Истражувајќи го, пак, вклучувањето на Р.Македонија на светскиот пазар, тој аргументирано заклучува дека е неопходно забрзување на реформите во нашата држава на добро осмислен и организиран начин односно дека е потребна подготовка на посебна стратегија во чијашто основа ќе биде обезбедувањето услови за економско, правно, политичко, социјално,

организациско и друго функционирање на Р.Македонија, во согласност со европските и светските стандарди. Успешното остварување на оваа стратегиска цел како на нашата држава, така и на земјите од Југоисточна Европа, според него, многу ќе зависи од карактеристиките на потесното и поширокото меѓународно окружување на овие земји.

Претходно изнесените ставови С. Атанасоски ги развива, ги проширува и на уште попродлабочен начин, научно ги аргументира и во неговите книги " Политичка економија на светскиот поредок " и " Анатомија на светскиот поредок ".Во последните неколку години најголемо внимание тој посветува на истражувањето на процесите на глобализација. Станува збор за една крајно комплексна , сложена и мошне значајна проблематика којашто се повеќе ја преокупира светската научна и пошироката јавност. Предизвиците на глобализацијата, всушност, се многу големи.

Своите стојалишта, со нему својственниот провокативен и критички но аргументиран пристап, Атанасоски ги презентира во повеќе негови трудови меѓу кои би ги издвоиле поновите трудови на оваа тема: "Новите димензии на регионалната соработка и економскиот развој", "Политекономските аспекти на процесите на глобализација и регионализација", "Глобализацијата и новата економија" и "Новиот регионализам, глобализацијата и економскиот развој". Темата глобализација е предмет на истражување и во книгата "Глобализација" којашто е во подготовка и во којашто се проучуваат и анализираат политекономските аспекти на глобалните процеси.

С. Атанасоски во последните негови трудови се осврнува и на влијанието на завршувањето на студената војна и терористичките напади врз САД од 11 септември врз развојот на меѓународните односи во 21. век. Во тој контекст тој заклучува дека меѓународните односи во почетокот на 21. век влегоа во нова и пресвртна фаза од нивниот развој. Имено, тој ги анализира глобалните проблем и противречности со коишто се соочува светот денес при што заклучува дека меѓународната заедница недоволно е успешна во справувањето со овие проблеми, а науката за меѓународните односи сѐ уште е поделена околу теоретските одговори за патиштата и начините на идната трансформација на светскиот поредок, во насока на негова поголема ефикасност од досегашната.

**4. Заклучок и предлог**

Врз основа на претходно изнесените констатации за наставно-образовната и научно-стручната дејност на д-р Сашо Атанасоски, редовен професор на Економскиот факултет–Прилеп Рецензентската комисија заклучи дека тој континуирано постигнува забележителни резултати и во едната, и во другата дејност. Тоа, со неговото политекономско образование, стекнато од областа на меѓународните односи на Факултетот за политички науки во Белград, на постдипломските студии од областа на економијата и особено при изработката на неговата докторска дисертација, во којашто успешно се поврзани овие две области во политичката економија на меѓународните односи, го квалификува како исклучително успешен во

извршувањето на наставната дејност по предметот меѓународни односи на Економскиот факултет во Прилеп. Оваа наша констатација, на недвосмислен начин, ја потврди и периодот по неговиот избор во вонреден професор по овој предмет во којшто, тој, уште еднаш, се докажа како квалитетен, одговорен и коректен наставник. Исто така во овој период Атанасоски ги објави и книгите " Политичка економија на светскиот поредок " и " Анатомија на светскиот поредок " во коишто на комплексен и продлабочен начин теоретски ги елаборира состојбите и процесите во современите меѓународни односи. Со овие две книги, како и со неговите останати понови научни и стручни трудови, тој го потврди својот несомнено висок научен потенцијал, неговата креативност и препознатлив стил на изразување.

Од тие причини, Рецензентската комисија, со особена чест и задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет-Прилеп проф. д-р Сашо Атанасоски да го избере за наставник по предметот меѓународни односи во звањето **редовен професор**.

Членови на Рецензентска комисија

1. д-р Панде Лазаревски, редовен професор на Институтот за социолошки и правно-политички истражувања- Скопје.
2. д-р Славица Роческа, редовен професор на Економски факултет – Прилеп.
3. д-р Десанка Василева, редовен професор на Економски факултет – Прилеп во пензија.

Лектура
Анкица Стојаноска